Покана за тендер и референтни услови за набавка на транспорт, сместување и храна за студиска посета

I. Позадина

Центарот за едукација и развој (ЦЕД), невладина организација со седиште во Северна Македонија соработува со We Effect на имплементацијата на проектот „Зајакнување на руралните средини: Поттикнување одржливост во локалните заедници“ насочен кон унапредување на образованието, одржливиот развој и заштита на животната средина во регионот на Шар Планина.

II. Цел и опфат

Како дел од проектот „Зајакнување на руралните средини: Поттикнување одржливост во локалните заедници,“ ЦЕД во партнерство со Земјоделската задруга Шари како имплементациски партнер ја спроведува интервенцијата: *Подобрување на пазарните можности за руралните производители*. Во рамките на оваа иницијатива, ЦЕД и Шари ќе организираат меѓународна студиска посета за членовите на Задругата Шари во задруга во земја членка на ЕУ во регионот – Хрватска фокусирана на размена на регионални добри практики во втората половина на јануари 2026 година.

III. Агенда

Ден 1 (25.01.2026 / Недела)

08.00–19.00 – Патување од Тетово до Загреб, Хрватска
19.00–20.00 – Пријавување во хотел во Загреб, кратка пауза
20.00 – Вечера за добредојде во хотел и неформална ориентација

Ден 2 (26.01.2026 / Понеделник) – Загреб

Пред 09:00 – Одјавување од хотел
09.00–10.30 – Посета на Министерство за земјоделство – Оддел за сточарство
10.30–11.00 – Кафе пауза
11.00–13.00 – Посета на Агенцијата за плаќања во земјоделство, рибарство и рурален развој (APPRRR) – Овчарство и агро-еколошки мерки
13.00–14.30 – Пауза за ручек
15.00–19.00 – Тргнување од Загреб и патување до Пазин, Истра
19.00 – Пријавување во хотел во Пазин и вечера

Ден 3 (27.01.2026 / Вторник) – Пазин, Истра

Пред 09:00 – Одјавување од хотел
09.00–11.00 – Посета на AZRRI – Агенција за рурален развој на Истра, Пазин, Гортанов Бријег 1
11.00–13.00 – Посета на AZRRI – Образовен и гастрономски центар, Пазин, Гортанов Бријег 1

13.00–14.00 – Ручек во Тар
14.00–18.00 – Теренски посети на 2 овчарски фарми (членки на одгледувачки организации и задруги), Тар, Шкропети
18.00–22.00 – Патување до Паг
22.00 – Пријавување во хотел на Паг и вечера

Ден 4 (28.01.2026 / Среда) – Новаља, Паг

Пред 09:00 – Одјавување од хотел
09.00–11.00 – Посета на 2 овчарски фарми со овци од расата Паг, Новаља
11.00–13.00 – Посета на мандра (млекара) и задруга за производство на Пашки сир, Новаља
13.00–15.00 – Работен состанок со претседателот на Хрватската асоцијација на одгледувачи на овци и кози (OV-KO Savez), Новаља
15.00–17.00 – Ручек во Новаља
17.00–20.00 – Патување до Загреб
20.00 – Пријавување во хотел и вечера

Ден 5 (29.01.2026 / Четврток) – Загреб – Осиек – Тетово

07.30–10.00 – Одјавување од хотел и тргнување кон Осиек
10.00–12.00 – Посета на Хрватската агенција за земјоделство и храна – Центар за сточарство Осиек
12.00–14.00 – Пауза за ручек и интерен состанок во Осиек
14.00–22.00 – Патување од Осиек до Тетово и пристигнување

IV. Клучни технички барања

Избраната компанија ќе биде одговорна за организирање и спроведување на 5-дневна (4 ноќевања) меѓународна студиска посета за 7 учесници во Хрватска. Компанијата треба да обезбеди:

1. ТРАНСПОРТ

- Меѓународен превоз: Повратен организиран патен аранжман за 7 лица од Тетово до Хрватска;
- Локален превоз во Хрватска: Превоз до сместувањето, до локациите на посетите и сите останати активности според агендата;
- Паркинг: Сите паркинг трошоци се на товар на добавувачот; ниту претставници на ЦЕД ниту патниците нема да вршат плаќање на лице место.

Техничката понуда за транспорт мора да содржи:

- Лиценца за превоз во домашен и меѓународен сообраќај
- Тип на возило, број седишта, опрема
- Година на производство, стандард ЕУРО 5 или понов
- Сообраќајна дозвола

- Зелен картон
- Фотографија од возилото

<u>Финансиската понуда</u> ТРЕБА ДА БИДЕ во МКД со пресметан ДДВ, цена по километар, вкупна километража и вкупна цена.

2. СМЕСТУВАЊЕ

- 1 еднокревента и 3 двокреветни соби за 4 ноќевања на принцип полупансион (појадок и вечера) во хотел со минимум 3 ѕвезди;
- Локација близу местата на посета.

<u>Техничката понуда мора да содржи</u>:

- Лиценца А за туристичка дејност
- Име на хотел, категоризација, фотографии/линк
- Локација

<u>Финансиската понуда</u> мора да содржи:

- Цена за полупансион (појадок + вечера) по лице и вкупна цена за 4-те соби, по датуми и локации (25, 26, 27, 28 јануари 2026 во МКД со вклучен ДДВ и сите трошоци

3. ХРАНА

- Обезбедување на еден дополнителен оброк (ручек) дневно за 7 учесници за четири дена (26,27, 28 и 29 јануари 2026);
- Оброците мора да бидат со добар квалитет и почитување на диетални потреби на локации наведени во агендата.

<u>Техничката понуда треба да содржи:</u>

- Име на ресторан, категоризација, фотографии/линк
- Локација на ресторанот и рецензии

Финансиска понуда треба да содржи:

- Цена по ручек по учесник по ден и вкупна цена во МКД со вклучен ДДВ

V. Квалификации на понудувачите

- Регистриран правен субјект;
- Сите потребни лиценци и дозволи;
- Нема основи за исклучување (банкрот, професионална злоупотреба, неплатени даноци, корупција и др.);
- Минимум 3 години искуство во индустријата за патувања, сместување и логистика.

VI. Рокови за испорака и плаќање

- Роковите ќе бидат дефинирани во договор со избраниот добавувач;
- 30% аванс по потпишување договор;
- Остатокот во рок од 15 дена по испорака на услугата и доставување на фактура.

VII. ПОНУДА- ЗАДОЛЖИТЕЛНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. Техничка понуда

a. Профил на компанијата
b. Тековна состојба од Централен регистар (не постара од 6 месеци)
c. Изјава заверена кај нотар дека не постојат основи за исклучување

Транспорт:
i. Лиценца за превоз
ii. Тип и опрема на возилото
iii. Година на производство, ЕУРО 5+
iv. Сообраќајна дозвола
v. Зелен картон
vi. Фотографија од возилото

Сместување:
i. Лиценца А
ii. Име на хотел, категоризација, слики, линк до веб страниците на хотелите
iii. Информација за локација на хотелите

Храна:
i. Име на ресторан, категоризација, слики, линк до веб страниците на ресторанте
ii. Информација за локација на ресторанте и рецензии

2. Финансиска понуда

a. Треба да ги содржи сите трошоци: транспорт, сместување, храна
b. Понудата треба да биде во МКД со сите вклучени даноци, единични цени за трошоците и меѓузбир по ставки;

Понудувачите можат да ги користат прикачените/понудените обрасци за поднесување на техничката и финансиската понуда на свој корпоративен хедер, или по избор, да понудат на свои обрасци со услов да се вклучени сите информации побарани во тендерската документација.

VIII. Евалуација на понуди

Прво се врши административна проверка. Понуди без задолжителни документи се елиминираат. Минимум технички бодови за да се продолжи кон финансиска евалуација: **49 од 70**.

Финансиската евалуација носи максимум 30 поени, доделени според формула, при што најниската цена носи 30 поени.

Понуди без ДДВ, во друга валута или со непотполни трошоци се дисквалификуваат.

IX. Рокови и постапка за аплицирање

Понудите може да се поднесат од **11 до 22 декември 2025** со краен рок **22 декември 2025**.
Поднесување преку е-пошта:

- info@ced.org.mk
- metin.muaremi@ced.org.mk

или по пошта/лично на адреса:
Center for Education and Development (CED), 1224 Теарце

Очекуван период за евалуација и избор на добавувач: **23–25 декември 2025**.

Прашања во врска со повикот може да се испратат до **17 декември** на наведените мејлови.